**<u>Образец бр. 2</u>**

## Иницијална проценка на влијание на регулативата

### Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите

1. **Опис на проблемите**

Во текот на примената на Законот за домување („Службен весник на Република Македонија 99/09 и 57/10") констатирано е дека одредени прашања се недоволно односно непрецизно регулирани, поради што се јавуваа како пречка во нивната примена.

Заради надминување на ваквите потешкотии неопходно беше потребно да се пристапи кон изменување и дополнување на одделни одредби од Законот кои ќе допринесат да се надминат потешкотиите со што ќе се создадат услови за поефикасна реализација на истите.

Исто така, со донесувањето на новиот Закон за инспекцискиот надзор се јави потреба од усогласување на Законот за домување со одредбите од Закон за инспекцискиот надзор.

2. **Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите**

Со предложените решенија во Предлогот на законот пред се ќе се овозможи да се надминат потешкотиите кои беа констатирани во текот на примената на законот во изминатиов период, целосно се регулираат одредени прашања кои во постојниот закон не беа или не беа доволно регулирани како и постапката за инспекциски надзор кој е целосно усогласена со Законот за инспекциски надзор.

3. **Идентификација на можни решенија (опции)**

Со Предлогот на законот предложени се решенија со кои се регулира прашањето за категоризацијата на станови и станбени згради, финансирањето на Регулаторната комисија за домување, постапката на инспекциски надзор која е целосно усогласена со Законот за инспекциски надзор, начин,услови и постапка за продажба и закуп на станови во сопственост на Република Македонија кои се користат од лица без соодветен акт за доделување и користење.

Исто така, извршени се измени и дополнувања на одделни одредби од законот со цел да се надминат одредени непрецизности и недоречености кои претставуваа пречка за целосна примена на истите.

### Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија
**Предложено решение (опција):**
**Опис:**

Со Предлогот на законот можни се одредени кои се однесуваат на издавање на Уверението за категоризација на станови и станбени згради како и трошоци за извршената проценка за вредноста на станот.

1. **Трошоци**

- Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите.
  Да
  Со Предлогот на законот предвидено е во одредени постапки барателите да достават одредени уверенија, овластувања, изјави и други документи предвидени со законот.

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците.
  НЕ

- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците.
  НЕ

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците.
  Да
  За издавање на Уверението за категоризација на станови и станбени згради, барателот плаќа надомест во износ од 1 евро по м2 станбена површина, а трошоците за изготвување на пресметката за извршената проценка за вредноста на станот се согласно трошоците утврдени од страна на овластениот проценувач.

- Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците.
  НЕ

**2. Придобивки**

- Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни
- Други нефинансиски придобивки за засегнати страни

Со предложените решенија се овозможува регулирање на постапката за продажба и закуп на становите кои се во сопственост на Република Македонија. Исто така, со измените и дополнувањата на одделни одредби од законот ќе се овозможи нивна целосна примена.

Со воведувањето на едукацијата на субјектите кај кои при вршењето на инспекцискиот надзор се констатирани неправилности ќе се овозможи превентивно да се делува на истите, односно наместо за констатираните неправилности веднаш да им се изрекуваат прекршочни санкции ќе им се укажува за сторениот прекршок за што ќе биде спроеведена и постапка за едукација.

**3. Ризици и претпоставки**

Ризици и претпоставки нема

**4. Останати влијанија**

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | НЕ | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

Чекор 3: Консултации

**Резиме на иницијалната**
**проценка на влијание на регулативата**

1. **Краток осврт на преферираното решение/опција:**

   Со измените и дополнувањата на предлогот на законот се регулира постапката за продажба и закуп на становите кои се во сопственост на Република Македонија. Исто така, со измените и дополнувањата на одделни одредби од законот се врши усогласување со законот за инспекциски надзор и со мерките за казнената политика утврдени од страна на Владата на Република Македонија.

2. **Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**

3. **Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**

**Изјава од министерот**

**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлог закон

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Нема влијание | врз Буџетот на Република Македонија |
| 2. | Нема влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| 3. | Нема влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| 4. | Нема влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| 5. | Нема влијание | врз животната средина. |
| 6. | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување: 18.01.2011 година<br>Вклучени организации и претставници:<br>Свое мислење дадоа следниве организации: | ДА |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | ДА |
| 9. | Предлог законот е лекториран. | НЕ |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации. | ДА |
| 11. | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | ДА |
| 12. | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување“? | НЕ |

**Изјава од министерот**

Јас, *Миле Јанакиески,* изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот:

.................................................................................... Датум: